... пристап до информациите од јавен карактер - Скопје
... е mbrojtjes të së drejtës për qasje të
... informatave me karakter publik - Shkup
30. 04. 2024
Орг. Един Njësia org | | | Вредност Vlera
08 | 178

У-5.бр.1404/2022

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиите Билјана Никодиновска Петровска - претседател на совет, м-р Валентина Конеска и Александар Чичаковски - членови на советот, со записничар м-р Едита Исахи - виш судски соработник, одлучувајќи по тужбата на тужителот АД Електрани на Северна Македонија, застапувано од претседател на Управен одбор и Генерален директор м-р Васко Ковачевски од Битола, против Решение на Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер, бр.08-178 од 19.08.2022 година, за слободен пристап до информации од јавен карактер, по одржаната јавна расправа на 17.04.2024 година, во присуство на полномошникот на тужителот, и на овластениот претставник на тужениот орган, на ден 25.04.2024 година ја донесе и јавно ја објави следната:

Архивски знак:
Shenja arkivuese ________
Рок на чување:
Afati për ruajtje: ________
______20____ година viti
Потпис
Nënshkrimi

## П Р Е С У Д А

Тужбата на тужителот АД Електрани на Северна Македонија, поднесена против Решението на Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер, бр.08-178 од 19.08.2022 година, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

## О б р а з л о ж е н и е

Тужбата е поднесена против Решение бр.08-178 од 19.08.2022 година на Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер, со која е уважена е жалбата изјавена од Снежана Каракашева -Ангеловска, поднесена против Решение на АД Електрани на Северна Македонија бр.18-3185/8 од 25.07.2022 година, донесено по Барање за пристап до информации од јавен карактер заведено во Агенцијата под бр.08-92 на 16.05.2022 година, и притоа решението на имателот на информации е поништено.

Незадоволен од ваквата одлука на тужениот орган, тужителот поведе управен спор со предлог оспореното Решение бр.08-178 од 19.08.2022 година на Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер, да се поништи, поради погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право.

Во тужбата тужителот наведе дека тужениот орган при одлучување сторил суштествена повреда на одредбите на Законот за општа управна постапка од причина што оспореното решение има недостатоци, односно причините поради кои истото е донесено се нејасни и противречни. Во тужбата тужителот ги образложи причините поради кои го одбил барањето за слободен пристап до информаци од јавен карактер, наведувајќи дека истата е означена со степен доверлива, со оглед на фактот што содржи лични податоци чие откривање би значело повреда на заштита на личните податоци. Следствено во ситуација како наведената тужениот орган наместо да го поништи решението на имателот на информации сега тужителот, да му посочи на барателот на информации за потребата за давање на согласност од субјектот на личните податоци како истите

би можеле да се обработат во случајот. Наведува дека оспореното решение е донесено во согласност со одредбите предвидени со интерниот акт на тужителот односно со Правилникот за деловна тајна на АД Електрани на Северна Македонија, кој е донесено во согласност со одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, а со цел заштита од повреда на личните податоци на субјектите.

Во одговор на тужба тужениот орган остана при наводите во решението и притоа истакна дека обврска на имателот на информации во случајот тужителот е посредување во врска со бараните информации согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, но не и поведување спор со тужба пред овој суд. Со овој начин на постапување јавните органи иматели на информации би придонеле за транспарентно и отчетно работење.

Судот на ден 17.04.2024 година одржа јавна расправа во присусутво на странките.

На одржаната јавна расправа од страна на полномошникот на тужителот беше изјавено дека останува кон она што е изнесено во тужбата, писмените поднесоци и усно пред Судот.

Од страна на овластениот претставник на тужениот орган беше оспорена активната легитимација на тужителот, и притоа останаа во целост на наводите во оспореното решение и одговорот на тужба.

Во реплика застапникот на тужителот изјави дека контрадикторно е оспорувањето на активната легитимација на тужителот затоа што ако тужителот нема јавни овластувања да поведе управен спор тогаш не е вршител на јавни овластувања и не претставуа јавен орган па како таков согласно Законот за слободен пристап до информации од јавне карактер не е должен да ги дава информациите.

Во реплика овластениот претсавник на тужениот орган изјави дека тужителот ја користи оваа прилика да побара од Судот да бидеиземен од листата на иматели на информации иако како правно лице со јавни овластувања врши дејност од висок јавен интерес.

Во завршни зборови од страна на застапникот на тужителот беше побарано Судот при одлучувањето да обрне внимание на тоа дека во конкретниот случај не постои јавен интерес. Дополнително наведе дека во овој случај од страна на барателот на информации се бара договор за вработување од работник кој не извршува јавни овластувања. Ито така, побара Судот да има во предвид дека тужителот не претсавува јавен орган во смисла на член 4 од ЗУП и член 3 од Законот за слободен пристап од информации од јавен карактер, односно дека АД ЕСМ е трговско друштво кое работи согласно ЗТД, Закон за енергетика во кој во член 4 став 4 е предвидено дека друштвото не врши јавна услуга. Исто така, документот односно информацијата која што се бара согласно Правнилникот на АД ЕСМ е деловна тајна и е означен со степен доверливо.

Во завршни зборови од страна на претставникот на тужениот орган беше изјавено дека барањето на тужителот дека истиот не треба да биде ставен на листата на иматели на информации затоа што не претставува јавен орган на Судот

беше укажано дека според дефиницијата на иматели на инфрмации од член 3 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, тужителот како правно лице со јавни овластувања е имател на информација и е должен во целост да постапува согласно Законот. Истовремено беше укажано дека при решавање на овој предмет треба да биде земен најнапред јавниот интерес како збир на права и обврски на тужителот, а кои влијаат на целото население на РСМ, истиот е видлив во член 3 став 1 алинеја 7 од Законот, како и во член 10 став 1 од истиот Закон кој упатува на проактивно објавување на информациите како антикорупциска алатка и транспарентно и отчетно работење на тужителот кој се труди со сите сили да биде иземен од вакво постапување и наведува на сомнежи во извршуавњето на својата дејност. Исто така, тужителот не може да се повика на својот Правилник и да не дава класифицирани информации однегова страна согласно истиот Правилник од причина што во член 6 став 1 точка 1 од Законот јасно стои дека информациите се класифицираат согласно со Законот за класифицирнаи информации. Тужителот проуштил да постапи согланссо член 6 став 4 од Законот и да ја даде бараната информација со прекривање однсоно анинимизиање на личните податоци и поради наведените причини предложи на Судот тужбата да биде отфрлена како недозволена или да биде одбиена како неоснована.

Во доказна постапка Судот ги изведе и ги ценеше следните докази: Тужба со оспорен акт број «08-178 од 19.08.2022» година, се изведуваат како докази Одговор на тужба од тужен орган од 27.10.2022 година, Поднесок од тужениот од 18.11.2022 година, Правилник за деловна тајна на АД Елен, Одовор на жалба, Жалба од 21.06.2022 година, Решение за целосно одбивање за пристап на информации од јавен карактер.

Управниот суд постапувајќи по тужбата, го испита оспореното решение во границите на тужбеното барање во смисла на член 35 од Законот за управните спорови, па по оценка на тужбените наводи, одговорот на тужбата и списите на предметот најде:

Тужбата е неоснована.

Од увидот во списите кон предметот, Судот утврди дека од страна на лицето Снежана Каракашева Ангеловска преку адвокат Маја Ристовска од Скопје, на ден 26.05.2022 година е поднесено барање за пристап до информации од јавен карактер до имателот на информации АД Електрани на Северна Македонија со цел доставување на информација „копија од најнов договор за вработување на лицето Влатко Чагоровски, вработен во ЕСМ".

Постапувајќи по наведеното барање, имателот на информации АД Електрани на Северна Македонија со Решение бр.18-1108/3 од 02.06.2022 година го одбил барањето како неосновано. Незадоволен од наведеното решение, барателот на информации, на ден 21.06.2022 година, изјавил жалба до Агенцијата за слободен пристап до информации од јавен карактер, заведена под бр.08-175, која жалба била препратена до имателот заради произнесување.

Имателот на информации на ден 29.06.2022 година, до Агенцијата доставил одговор на жалба бр.18-3185/5 од 27.06.2022 година, во кој наведува дека го одбил барањето на барателот имајќи ги во предвид одредбите од Правилникот за деловна тајна на АД Електрани на Северна Македонија, истиот донесено согласно

барањата на Законот за класифицирани информации, врз основа на кои бараната информација во конкретниот случај претставува класифицирана информација со соодветен степен на класификација.

Агенцијата за слободен пристап до информации од јавен карактер по разгледување на жалбата, ја уважил истата и го поништил Решението бр.18-1108/3 од 02.06.2022 година на имателот на информации АД Електрани на Северна Македонија, со задолжување истиот да ги достави бараните податоци до барателот на информации.

Имателот на информации АД Електрани на Северна Македонија, постапувајќи по решението и укажувањето на Агенцијата за слободен пристап до информации од јавен карактер, донел решение бр.18-3185/8 од 25.07.2022 година, со кое повторно го одбил во целост барањето на барателот и притоа не ја доставил бараната информација до истиот.

Незадоволен од Решението бр.18-3185/8 од 25.07.2022 година на имателот на информации АД Електрани на Северна Македонија, барателот повторно изјавил жалба, која Агенцијата за слободен пристап до информации од јавен карактер со сега оспореното Решение бр.08-178 од 19.08.2022 година ја уважил како основана и го поништил Решението бр.18-3185/8 од 25.07.2022 година на имателот на информации.

Судот најде дека со оспореното решение на тужениот орган не е повреден законот на штета на тужителот.

Согласно член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РМ" бр.101/19), ако имателот на информации позитивно одговори на барањето или ако барањето делумно или целосно го одбие, за тоа ќе донесе решение. Согласно став 2 од истиот член, решението од ставот (1) на овој член, со кое барањето делумно или целосно е одбиено задолжително содржи образложение за причините поради кои барањето е одбиено и за резултатите од спроведениот тест на штетност. Согласно став 3, ако имателот на информацијата во рокот утврден во членот 21 од овој закон не му овозможи на барателот пристап до информацијата и ако не донесе и не му достави на барателот решение се смета дека барањето е одбиено по што барателот може да поднесе жалба до Агенцијата во рок од 15 дена.

Согласно член 6 став 4 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РМ" бр.101/19), ако документот или негов дел содржи информации од ставот (1) на овој член, што можат да се одвојат од документот без притоа да се загрози неговата безбедност, имателот на информации ги одвојува тие информации од документот и го известува барателот за содржината на останатиот дел од документот.

Согласно член 4 точка 1 од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на РМ" бр.42/20), „Личен податок" е секоја информација која се однесува на идентификувано физичко лице или физичко лице кое може да се идентификува, а лице кое може да се идентификува е лице чиј идентитет може да се утврди директно или индиректно, посебно врз основа на матичен број на граѓанинот или врз основа на едно или повеќе обележја специфични за неговиот физички, физиолошки, ментален, економски, културен или социјален идентитет.

Врз основа на вака утврдената фактичка состојба и погорецитираните законски одредби, по наоѓање на Судот, тужениот орган правилно постапил кога со сега оспореното Решение бр.08-178 од 19.08.2022 година, ја уважил како основана жалбата изјавена од Снежана Каракашева Ангеловска, поднесена против Решението на АД Електрани на Северна Македонија бр.18-3185/8 од 25.07.2022 година, донесено по Барање за пристап до информации од јавен карактер заведено во Агенцијата под бр.08-92 на 16.05.2022 година.

Управниот суд ценејќи ги приложените докази кон списите како и утврдената фактичка состојба во рамки на оспореното решение, најде дека имателот на информации, неосновано и спротивно на Законот за слободен пристап до информации постапил кога го одбил барањето на Снежана Каракашева Ангеловска. Имено, Судот оцени дека имателот на информации при одбивање на барањето неосновано се повикал на интерен акт конкретно на Правилникот за деловна тајна на АД Електрани на Северна Македонија, истиот донесен согласно барањата на Законот за класифицирани информации, притоа наведувајќи дека бараната информација „копија од најнов договор за вработување на лицето Влатко Чагоровски, вработен во ЕСМ„ е документ класифициран со степен „доверливо“. Ова од причина што постапувањето на тужителот во конкретниот случај кога истиот се повикува на подзаконски акти за Судот претставува самоволно постапување и толкување на законски одредби што е спротивно на закон. Дотолку повеќе што Судот при одлучување ги имаше во предвид одредбите од Законот за класифицирани информации, конкретно членот 6 став 1 точка 3, кој прецизно уредува што претставува класифицирана информација, па следствено утврди дека бараната информација не може да се подведе под информација со степен „доверливо“, како што впрочем утврдил тужителот, односно дека истата не претставува исклучок од Законот.

Во ситуација како напреднаведената, Судот констатираше дека правилно и основано во целост е одлучувањето на тужениот орган кога истиот констатирал дека тужителот не сторил за веројатно дека во случајот бараната информација претставува исклучок од Законот за класифицирани информации, односно дека станува збор за класифицирана информација од степен строго доверлива. Следствено, во поглед на непостапувањето на тужителот по однос на бараните информации од поднесеното барање, Судот ги оцени за основани констатациите на тужениот орган дадени кон образложението во оспореното решение, а кои дозволуваат пристап кон бараната информација по анонимизирање на податоците содржани во неа кои во смисла на одредбите од член 4 став 1 од Законот за заштита на лични податоци би претставувале личен податок. Следствено, со ваквиот начин на постапување на тужителот, сторени се повреди на законот за личните податоци во смисла на погрешно толкување, односно категоризирање на бараните информации како личен податок. Ова од причина што основано тужениот орган утврдил дека во насока на напрецитираните законски одредби, во ситуација кога имателот констатирал дека станува збор за информации со карактер наведени како погоре, истиот бил должен при постапување задолжително да ги одвои тие информации од документот и воедно да го извести барателот за содржината на останатиот дел од документот.

При одлучувањето, Судот ги ценеше и останатите тужбени наводи изнесени во тужбата, но истите ги оцени како ирелевантни по однос на конечната одлука во овој спор.

Врз основа на горенаведеното, Судот утврди дека тужбата на тужителот е неоснована и одлучи како во изреката на пресудата, а согласно член 59 став 1 од Законот за управни спорови ("Службен весник на РМ" бр. 96/19).

Пресудено во Управниот суд на ден 25.04.2024 година под У-5.бр.1404/2022.

Записничар - виш судски соработник
м-р Едита Исахи

Претседател на совет - Судија
Билјана Никодиновска Петровска

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа пресуда дозволена е жалба во рок од 15 дена од приемот на истата, преку овој суд до Виш управен суд.

НАЛОГ ЗА ТАКСА: Се задолжува тужителот да плати судска такса за одлука во износ од 800,00 денари, во рок од 15 дена од приемот на одлуката и тоа како примач Буџет на Р.Македонија, банка на примач НБРМ, судски такси од физички лица сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03359 Приходна шифра: 72-22-13, Програма:00, Начин:2, односно судски такси од правни лица банка на примач НБРМ сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03338, Приходна шифра: 72-22-1, Програма:00, Начин:2.

Пресудата да се достави на:
- тужителот
- тужениот орган

ВТ/

Претседател на совет - Судија
Билјана Никодиновска Петровска

ачноста на преписот
со изворникот го потврдува
судски службеник